Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 99, 1 април 2013 година

април 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област фискална економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област соло пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Одбрани текстови од управување со информациски системи“ од авторите доц. д-р Зоран Здравев и асс. д-р Александар Крстев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .....27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата .....29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ОДБРАНИ ТЕКСТОВИ ОД УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ И АСС. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2002-34/19 од 29.1.2013 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на интерната скрипта „***Одбрани текстови од Управување со информациски системи***“ од авторите доц. д-р Зоран Здравев и асс. д-р Александар Крстев.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Одбрани текстови од Управување со информациски системи“ се состои од 13 поглавја, распоредени на 267 страници. Текстот е напишан на македонски јазик, содржи вкупно 10 табели и 71 слики.

Во воведниот дел се дава преглед на некои дефиниции и основни поими кај информациските системи.

Во првото поглавје „Што претставува проект?“ е даден одговор на прашањето што е тоа проект и кои се основните проектни параметри. Опишани се и типовите на анализа на проектите за информациските системи, како и видовите на проекти за информациските системи.

Во второто поглавје „Потреба на информации“ се дефинира поимот информација и се идентификуваат објективните и субјективните потреби за информации, кои се поврзани со концепцијата на деловниот систем, како и од индивидуалните особини на поединецот, соодветно.

Во третото поглавје „Информациски систем“ се опишани општите поими поврзани со информациските системи. Се дефинираат информациските системи како системи во кои релациите помеѓу објектите и релациите помеѓу атрибутите на објектите се изведуваат со пренос на информации. Исто така, се дефинираат и бизнис процеси, бизнис околината, како и базата на податоци која претставува основа на информацискиот систем. Прикажана е и класификација на информациските системи, а се претставени и придобивките кои ги овозможуваат информациските системи за една организација.

Во четвртото поглавје „Бизнис стратегиите и информациските системи“ е дадено појаснување на поимот стратегија и се опишани и алатките кои постојат за изработка на една успешна стратегија (SWOT и PESTEL анализата). Опишано е како може информациските системи да придонесат за справување со конкуренцијата и стекнување конкурентска предност, а разработен е и широко употребуваниот модел за разбирање на конкурентската предност - Портеровиот модел на конкурентски сили. На крајот од ова поглавје е даден формат на подготовка на бизнис случај.

Петтото поглавје „Проект менаџер“ е посветено на проект-менаџерот, способностите и вештините што еден проект менаџер треба да ги поседува, како и неговата улога и одговорност во проектот.

Во шестото поглавје „Управување со проектните ресурси“ се дадени методите кои се потребни за успешно управување со проектните ресурси. Претставен е начинот за правилно распределување на ресурсите, со цел проценка на времето потребно за изработка на еден информационен систем, како и правилно распоредување на трошоците потребни за негово развивање, односно планирање на потребниот буџет.

Во седмото поглавје „Управување со животниот циклус на проектите“се претставени фазите во процесот на управување со животниот циклус на проектите, а се дадени и најпознатите модели за претставување на животниот циклус на еден проект.

Осмото поглавје „Раководење со тимот“ е посветено на клучните елементи во дефинирањето на еден тим при изработка на информационен систем. Притоа детално се елаборирани релациите што може да се воспостават меѓу членовите во тимот, улогите на секој член од тимот (според Белбин), како и начините за креирање на еден ефективен тим и креирањето на поволна работна околина.

Деветтото поглавје „Управување со комуникацијата во проектите“ е посветено на клучниот фактор за успешна реализација на проектите, а тоа е комуникацијата помеѓу членовите во тимот. Овде се зборува и за проблемите кои се појавуваат доколку се појави недостаток на комуникација и разбирање помеѓу членовите на тимот, како и начините за нивно надминување. Се опишуваат и некои од комуникациските алатки и методи кои се користат од страна на проектниот тим, а на крајот од ова поглавје е даден пример за Проектен комуникациски план.

Во десеттото поглавје „Управување со ризиците во проектот“ е дефиниран поимот ризик, претставени се начините на идентификација на ризиците, како и стратегиите за управување со ризиците.

Единаесеттото поглавје „Извршување на контрола на проект и затворање на проект“ се занимава со процесот на контрола на проектите, методите и алатките за извршување на таа контрола, како и важноста на контролата врз она што е планирано наспроти она што е реализирано. На крајот од ова поглавје е даден детален осврт на фазата на затворање на проектот, со фокус на административното затворање и логистиката.

Во дванаесеттото поглавје се зборува за PRINCE2 методологијата, со посебен фокус на фазата на водење на проект, која се базира на планирање, различни видови на контроли, контролни точки, извештаи, справување со проблеми, ризици и сл. Оваа методологија моментално претставува де факто стандард во Велика Британија за управување на проекти во глобала, а не само за проекти во ИТ. Во ова поглавје е опишана и практична примена на оваа методологија во секторот за домување во Единбург.

Последното, тринаесетто поглавје повторно е посветено на PRINCE2 методологијата, но сега на фазата на затворање на проектот. Даден е акцент на излезниот резултат од завршувањето на еден проект и последните активности на проектниот менаџер во завршувањето на проектот.

Последните страници од ракописот се резервирани за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, со користење на поголем број на слики и практични примери, кои го олеснуваат учењето на информациските системи.

Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот по информатика, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметот Управување на информациски системи.

## З А К Л У Ч О К

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Одбрани текстови од Управување со информациски системи“ од авторите доц. д-р Зоран Здравев и асс. д-р Александар Крстев да го прифати за печатење како ИНТЕРНА СКРИПТА.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Доц. д-р Наташа Коцеска, с.р**
**Доц. д-р Игор Стојановиќ, с.р**